**20251643598**

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 став (1) и 438 алинеја 9), а во врска со член 220 став (10) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 28.7.2025 донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО МУЛТИЛАТЕРАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ТРГУВАЊЕ-МПТ И ОРГАНИЗИРАНА ПЛАТФОРМА ЗА ТРГУВАЊЕ – ОПТ

## ДЕЛ 1

### Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува:

- барањето и содржината на барањето за добивање одобрение за управување со Мултилатерална платформа за тргување -МПТ и Организирана платформа за тргување – ОПТ;
- описот на податоците и потребната документација која се доставува во прилог на барањето за добивање одобрение за управување со Мултилатерална платформа за тргување -МПТ и Организирана платформа за тргување – ОПТ.

### Член 2

Изразите употребени во овој Правилник го имаат истото значење како во Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот).

### Член 3

Комисијата за надзор на пазарот на капитал (во понатамошниот текст: Комисијата) ќе даде одобрение за управување со МПТ или ОПТ на пазарен оператор или инвестициско друштво доколку ги исполнува сите услови предвидени во Законот и условите предвидени во овој Правилник.

### Член 4

За цели на постапката за давање одобрение, Комисијата ќе ги земе предвид сите релевантни околности и истите ќе ги процени од случај до случај.

## ДЕЛ 2

## Начин на доставување на барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ

### Член 5

(1) Барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ се поднесува до Комисијата на пропишан образец Барање (прилог 1 на овој Правилник) заедно со целокупната документација и докази пропишани со Законот и овој Правилник.

(2) Барањето и документацијата од став (1) на овој член може да се достават и електронски потпишани со дигитален сертификат освен изјавите за кои е потребна нотарска заверка и потврдите кои не се обезбедени од соодветните органи по електронски пат.

(3) Доколку барањето се поднесува физички во архивата на Комисијата задолжително се доставува и целокупната документација скенирана и снимена на преносен медиум (USB).

(4) Освен документацијата од став (1) на овој член, Комисијата може од подносителот да побара прецизирање на веќе доставената документација, а може да побара и други податоци и документи со кои се докажува исполнување на условите пропишани со Законот и овој Правилник.

(5) Документацијата која се поднесува кон барањето за добивање на одобрение управување со МПТ или ОПТ мора да е во оригинал или нотарски заверена копија.

(6) Документацијата во оригинал како и нотарската заверка не смее да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

Член 6

(1) Документацијата која е издадена од странска држава на странски јазик, задолжително се доставува со апостил, кога е издадена од страна на странска држава која ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

(2) По исклучок од став (1) на овој член документацијата нема потреба да се достави со апостил, доколку Република Северна Македонија и странската држава имаат склучено договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи.

(3) Во случај кога конкретната странска држава ја нема ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи или нема билатерален договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи, јавната исправа се легализира во согласност со законот кој ја уредува легализацијата на исправите во меѓународен промет.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се преведува од овластен судски преведувач, а преводот задолжително нотарски се заверува.

(5) Доколку законодавството на странска држава поинаку регулира одредена материја, подносителот е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен согласно законодавството на странската држава за потврдување на тие факти и дека истиот е одговорен за вистинитоста на дадените податоци.

**Постапување по барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ**

Член 7

(1) Кога барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ се поднесува со барање за добивање одобрение за работа на инвестициско друштво или пазарен оператор, Комисијата одлучува истовремено за двете барања.

(2) По разгледување на барањата и документацијата, доколку Комисијата утврди дека истите се непотполни, неуредни или имаат формално правни недостатоци, ќе му одреди рок на подносителот во кој тој ќе треба да ја дополни документацијата.

(3) Доколку подносителот не ги дополни барањата и документацијата и не ги отстрани недостатоците во зададениот рок, ќе се смета дека подносителот се откажал од барањата, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката.

ДЕЛ 3

**Документи и докази кои се доставуваат кон барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ**

Член 8

(1) Кон барањето за добивање на одобрение за управување со МПТ или ОПТ се поднесува следната документација:

1. Категориите на финансиски инструменти согласно член 3 став (1) точка 14 од Законот со кои се тргува или ќе се тргува на МПТ или ОПТ;

2. Правила и постапки со кои се овозможува финансиските инструменти да се достапни за тргување, заедно со податоците за системите за објавување со помош на кои тие информации се ставаат на располагање на јавноста;

3. Правила и постапки со кои се обезбедува објективен и недискриминаторски пристап до системот за тргување, заедно со податоци за системите за објавување со помош на кои тие информации се ставаат на располагање на јавноста;

4. Мерки и постапки со кои се обезбедува дека доволно информации се јавно достапни на корисниците на МПТ и ОПТ, како би можеле да донесат одлука за вложување, земајќи ги предвид видот на корисникот и инструментите со кои се тргува;

5. Системи, постапки и механизми со кои се обезбедува усогласеност со условите предвидени во членовите 187, 188, 189, 190 и 193 од Законот;

6. Детален опис на сите механизми за обезбедување ликвидност на системот како што се системи за поддржување на пазарот, доколку има инвестициски друштва кои спроведуваат стратегија на поддржувачи на пазарот;

7. Механизми и постапки за следење на трансакциите во согласност со член 219 од Законот;

8. Правила и постапки за привремен прекин или исклучување на финансиските инструменти од тргување во согласност со член 218 од Законот;

9. Механизми за исполнување на обврските за транспарентност пред и после тргување кои се применуваат на финансиските инструменти со кои се тргува како и на функционалноста на тргувањето на МПТ и ОПТ. Со тие информации се приложуваат информации за секоја намера за употреба на исклучоците во согласност со член 240 и член 242 од Законот и одложено објавување согласно член 244 и член 246 од Законот;

10. Механизми за ефикасно порамнување на трансакциите извршени во рамки на системот и кои осигуруваат дека корисниците се запознаени со своите обврски во тој поглед;

11. Список на членови/ учесници во МПТ или ОПТ со кои управува инвестициското друштво или пазарниот оператор;

12. Доказ за одвоеност на вршење на функцијата управување со МПТ и/или ОПТ од сите останати функции од инвестициското друштво.

(2) Инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата задолжително доставува информација за тоа на кој начин и во која мера управувањето со МПТ или ОПТ ќе доведе до можен судир на интерес помеѓу МПТ или ОПТ, неговиот оператор, или сопственик и уредното функционирање на МПТ или ОПТ.

(3) Инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата доставува документ со пропишани постапки и механизми за исполнување на условите предвидени во член 216 од Законот.

(4) Инвестициското друштво до Комисијата ги доставува следните информации поврзани со договорот за пренос на трети лица од член 38 од Законот кои се однесуваат на управување со МПТ или ОПТ, нивното работење и надзор:

1. Организациски мерки за утврдување на ризикот поврзан со издвоените активности и следењето на издвоените активности;

2. Договорот склучен помеѓу инвестициското друштво или пазарниот оператор и субјектот кој ја дава издвоената услуга, во кој ќе бидат наведени природата, подрачјето на примена, целта и договорите на ниво на услуга.

(5) Инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата доставува информација за било која поврзаност со регулиран пазар, МПТ или ОПТ во сопственост на ист оператор или за нивното учество.

**Дополнителни документи и докази кои се доставуваат кон барањето за добивање на одобрение управување со МПТ**

Член 9

(1) Освен информациите и доказите од член 8 на овој Правилник инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата ги доставува и следните информации поврзани со барањето од член 221 од ЗФИ:

1. Опис на механизмите и системите кои се применуваат за управување со ризиците на кои инвестициското друштво или пазарниот оператор е изложен, утврдување на сите значајни ризици за неговото работење и воспоставување на ефикасни мерки за намалување на тие ризици;

2. Опис на механизмите кои се применуваат за олеснување на ефикасно и навремено утврдување/порамнување на трансакциите кои се склучуваат во рамки на системите на организаторот;

3. Опис на финансиските средства кои се сметаат доволни за да се овозможи уредно функционирање на инвестициското друштво или пазарниот оператор, притоа земајќи ги предвид видот и обемот на склучените трансакции на пазарот, како и нивото и степенот на ризик на кој организаторот е изложен.

**Дополнителни документи и докази кои се доставуваат кон барањето за добивање на одобрение управување со растечки пазар за мали и средни претпријатија**

Член 10

(1) Пазарниот оператор или инвестициското друштво кое поднесува барање за регистрација на растечки пазар за мали и средни претпријатија, мора да обезбеди дека во информациите кои ги доставува согласно член 8 и член 9 на овој Правилник јасно е наведено кои функционалности или механизми се применуваат на растечкиот пазар на мали и средни претпријатија.

(2) На постапката за давање одобрение за управување со растечки пазар за мали и средни претпријатија соодветно се применуваат одредбите од член 223 до член 226 од Законот.

**Дополнителни документи и докази кои се доставуваат кон барањето за добивање на одобрение за управување со ОПТ**

Член 11

Инвестициското друштво или пазарниот оператор кој управува со ОПТ до Комисијата ги доставува следните информации:

1. Информација за тоа дали друго инвестициско друштво учествува во спроведувањето на поддржувањето на пазарот на ОПТ на независна основа согласно член 222 став (4) од Законот.

2. Детален опис на начинот и околностите за из вршување на налози на ОПТ на дискрециона основа согласно член 222 став (6), (7),(8), (9) и став (10) од Законот;

3. Правила, постапки и протоколи со кои на корисниците им се овозможува насочување на пазарниот интерес на членот или учесникот надвор од ОПТ платформата;

4. Опис на тргувањето за своја сметка со управувањето со налозите како не би дошло до судир на интерес помеѓу инвестициското друштво или пазарниот оператор и клиентите.

5. Правила и постапки за постигнување на усогласеноста од член 73 до член 78, член 89, член 96, од член 101 до член 104, член 108, од член 113 до член 116.

**Посебни информации за категориите на финансиски инструменти**

Член 12

Ако инвестициското друштво или пазарниот оператор применува различни правила на различни категории на финансиски инструменти, до Комисијата доставува информации кои се пропишуваат со овој Правилник за секоја категорија на финансиски инструменти одвоено.

**Значајни промени**

Член 13

(1) Инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата доставува опис на сите значајни промени на претходно доставените информации кои би биле релевантни за проценка на усогласеноста на инвестициското друштво или пазарниот оператор со Законот.

(2) Ако инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата доставува информации заради исправки, ажурирање или појаснување на претходно доставените информации, не мора да ги вклучи информациите кои се незначајни или од техничка природа и кои не се релевантни за проценка на неговата усогласеност со Законот.

(3) Обврската од став (1) и став (2) се однесува и на инвестициско друштво или пазарен оператор кои веќе имаат добиено одобрение за управување со МПТ или ОПТ.

**Начин на доставување на описот на функционирање**

Член 14

(1) Инвестициското друштво или пазарниот оператор до Комисијата доставува опис на функционирањето на МПТ или ОПТ со кој управува во согласност со овој Правилник, при доставување на описот мора да вклучи јасни упатства за тоа каде се наведени информациите кои задолжително мора да ги достави до Комисијата со точно наведување на членовите од Законот и Правилникот, референтен број на документот, наслов на документот и глава, оддел или број на страница на документот каде се наведени релевантните информации или причините зошто одредени информации не се доставени.

(2) При доставување на пропишаните информации мора да има упатување на соодветните одредби во правилата на МПТ или ОПТ, договорот со учесниците или релевантни трети лица како и интерни постапки и политики.

(3) При доставување на информациите кои се пропишани во Законот и овој Правилник инвестициското друштво или пазарниот оператор на секој документ му дава референтен број, осигурува дека во информациите кои ги доставува јасно ќе наведе на кое посебно барање од овој Правилник упатува и во кој документ се наведени тие информации

употребувајќи го референтниот број за идентификација на документот и осигурува дека ако некое барање од овој Правилник не се однесува на него, тоа ќе го наведе заедно со образложение.

(4) Ако описот се доставува заедно со барањето за дозвола, лицето кое поднесува барање за истовремено давање на повеќе од една услуга, поднесува барање во кое јасно се наведени сите услуги на кои се однесуваат доставените информации. Ако ист документ се смета како составен дел на повеќе барања, при доставување ист документ за неколку барања се употребува ист референтен број.

**Одложена примена**

Член 15

Одредбата од член 8 став (1) точка 9) од овој Правилник ќе започне да се применува во моментот кога ќе започне да се применува Глава VI и Глава VII од Законот за финансиски инструменти (Службен весник на РСМ бр. 66/2024).

Член 16

1. Прилогот од овој Правилник, Комисијата го објавува на својата интернет страна.
2. Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува од денот на започнување на примената на Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 66/2024).

Бр. 01-411/2
28 јули 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Бујаре Абази,** с.р.